И5341



И5341

# На свадба без покана

**Повод: сите дезинформации околу начинот на кој може да се учествува на Венециското биенале**

Јас обично не одам на свадби (па и кога тие се одржуваат во Музејот на современа уметност иако, или токму поради тоа што сум ликовен критичар). Сепак, сум слушнала дека на секоја свадба има по некој натрапник што ќе дојде, ќе се најаде и ќе си отиде, а никого не познава, и никој не го познава него. Гостите од страна на невестата мислат дека тоа е некој сиромашен роднина од кај зетот, а роднините на зетот се обидуваат да не покажат дека почнале да се сомневаат во рафинираноста на семејството во кое растела и била воспитувана невестата. А непознатиот, барем си заминал сит... до наредната свадба.

Венецискиот биенале, најстарата и најголемата меѓународна ликовна манифестација, иако личи на огромна прослава, не е свадба и никој не учествувал на неа непоканет. Во текот на сто и четирите години од моментот на првото одржување во 1895. (кога токму во чест на една годишнина на венчавка, онаа на италијанскиот крал Умберто 1 и Маргарита Савојска, била одржана првата ваква изложба во венециските Џардини) оваа престижна институција морала да развие многу механизми за да се заштити од неповиканите "провинцијалци" кои по секоја цена би сакале да учествуваат и оваа референција да ја прикачат, како некој орден, во својата биографија.

Комплексната структура на Биеналето тешко може да се разбере однадвор бидејќи за работата на Советот на директорите (19), за бирањето на Директорот како и на Селекторот на Биеналето многу малку се зборува, се додека не се случи некоја круцијална промена. Вакви промени во историјата на Биеналето имало неколку, а оваа година се случи една од најголемите: имено, на 29 јануари Биеналето го донесе новиот Статут (донесен според новиот Италијански закон од март 1997) со што го промени своето име од "Венециско биенале" во "Културно здружение Венециско биенале", а својот статут го промени од јавна институција во приватно правно лице.

Дури и ваквиот пресврт не донесе никакви разлики во придржувањето до



строгите процедури во начинот на поканување за учество за кои Биеналето морало да отпечати и правилник. Венецискoто биенале и понатаму останува верно на клучниот сегмент на својата концепција - во таа стратегија тоа е единствено во светот поради конкретните објекти изградени од самите земји во рамките на Џардините и бидејќи другите големи меѓународни изложби и биеналиња од сличен ранг (биеналињата во Сао Паоло, Сиднеј, Истанбул, Јоханезбург како и Документа и Манифеста) веќе преминаа на селекторски принцип.

Покрај тој сегмент во кој Биеналето, според строго почитувана процедура, ја поканува земјата (за оние што имаат павилјони) или пак земјата што нема павилјон мора сама претходно официјално да се пријави преку своето Министерство за култура или соодветна владина институција, постојат уште две други структурни концепции. Едната е авторската меѓународна изложба изработена според концепцијата на главниот селектор на Венецискoто биенале (оваа година Харалд Симан) во која, во согласност со својата глобална идеја, селекторот официјално поканува околу педесетина самостојни уметници од Италија и други земји (што ги забележал на некоја друга изложба, биенале или некој навреме му ги препорачал). Тие, со своите проекти (чија изведба ја плаќа организаторот) ја презентираат Италија, а изложбата се поставува во националниот павилјон на Италија и во два простори на Арсеналите; другиот сегмент се независни проекти и други настани кои се совпаднале со вкусот и критериумите на селекторот и тој ги поканил да бидат "гости" во каталогот.

Покрај трите структурни елементи кои при секое одржување ја сочинуваат оваа мамутска манифестација без да предизвикаат конфликт на интереси, во Венеција, каде што инаку многу ретко се организираат изложби од областа на современата уметност, во периодот кога паѓа одржувањето на Биеналето, од јуни до ноември секоја втора година, настанува вистинска војна за изложбен простор. Покрај земјите што учествуваат по официјален пат, а немаат свој простор во оваа трка влегуваат и многу "независни". Со организирањето изложба во тоа време јасно е дека не се станува учесник, ниту се добива простор во каталогот. Сепак, јасно е и тоа дека "да се биде таму" по секоја цена за некои значи шанса да се почувствува тој гламур, да се сретнат присутните ВИП- овци (вери импортант персонс), и... можеби нешто повеќе. Венеција, пак, добива огромни средства од кириите.

Напротив, за поканетите од своите држави, учеството на Биеналето, пред се, претставува чест да ја презентираат својата земја на највисоко ниво, чест што ретко се добива, најчесто после многу години посветеност на своето дело. Селекцијата на еден одреден уметник би требало да се сфати токму како некој орден, не само за континуирано докажување на квалитет, туку и за покажана издржливост во веројатно најнеизвесната професија на светов, за вложувањата без сигурна егзистенција и за сите можни непочитувања што доаѓаат од страна на оние што уметноста ја сфаќаат како луксуз и убава, но не и неопходна игра. ■

*Сузана Милевска*
(Авторот е ликовен критичар)